# СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ - ИСТРАЖУВАЧКИ ПОТФАТ ЗА БОГАТЕЊЕ НА УЧИТЕЛСКИОТ ПЕДАГОШКИ РЕПЕРТОАР


**Проф. д-р Снежана Јованова-Митковска**

**Факултет за образовни науки, УГД, Штип, РСМакедонија**

**Д-р Милена Авукатова**

**ООУ Ванчо Прке Штип**

**РСМакедонија**

# СОДРЖИНА


- Вовед
- Карактеристики и специфичности на методот на случај
- Фази низ кои поминува истражување со методот на случај
- Студија на случај-пример
- Литература

# Вовед

- Унапредувањето на наставната практика е  она кон што целат креаторите на образовната политика, целат сите засегнати страни за образованието, пред се наставниците.

- Само со унапредена воспитно образовна, наставна практика, ќе може да се реагира на сите измени кои се случуваат во општеството,  ќе се има позитивен импакт на учениците, на нивниот развој.

- Наставници клучни актери за унапредување на наставната практика
- Учество во истражувања проучувања

- Мноштво методи , **МЕТОД НА СЛУЧАЈ „case study**“.

# Метод на случај, идентификација, значење

Специфичен истражувачки потфат, и е еден од најдобрите начини за истражување

Мек Комб (McCombes, S.,2023 )„детална студија за одредена тема, како што е личност, група, место, настан, организација или феномен. Студиите на случај најчесто се користат во социјални, образовни, клинички и деловни истражувања

Јин (Yin,К Robert, 1984) „се предвидува емпириско истражување на современите феномени имајќи го во вид вистинскиот животен контекст, каде не постојат рески граници помеѓу феноменот и контекстот и се користат повеќе извори на докази“

Се овозможува длабинско проучување на одделните случаи, т.е. расветлување на различните аспекти на проучуваниот феномен, благодарение на можноста за користење на различните извори на податоци

Се применува секогаш кога се сака стекнување конкретно, контекстуално, длабинско знаење за одредена тема од реалниот свет, т.е. проучување на клучните карактеристики, значења и импликации на одреден случај, случаи

# Метод на случај

| | |
|---|---|
| Проблем, истражувачко прашање | • Проблемот, истражувачкото прашање се такви да бараат еден сеопфатен холистички приод, разбирање, експликација, расветлување на сите апсекти во еден реален контекст |
| Фокус | • Фокусот со методот на случај е насочен кон поединецот, групата со цел научно и стручно да се објасни специфичноста на случајот во однос на постојните норми и стандарди |

# КАРАКТЕРИСТИКИ НА МЕТОДОТ НА СЛУЧАЈ

- Мултидисциплинарност
- Контекстуалност
- Деталност, сеопфатност, опширност
- Различни извори на информации
- Флексибилност
- Генерирање на хипотези

# Фази низ кои поминува истражување, проучување со примена на методот на случај

- Поставување на јасни цели и формулација на истражувачко прашање/прашања
- Избор на случај, случаи за истражување, т.е. одредување на предмет на истражување
- Дизајнирање на истражувањето
- Собирање на податоци
- Интерпретација на резултати
- Пишување на извештај
- Презентирање на резултатите

# СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ, ПРИМЕР “ВЛИЈАНИЕТО НА ГРУПАТА ВРСНИЦИ, НИВНАТА ПОДДРШКА НА ЕМОЦИОНАЛНИОТ И СОЦИЈАЛНИОТ РАЗВОЈ НА УЧЕНИКОТ”.

- Илустрирана е добра практика на наставник почетник, која се однесува на социјалната, емоционалната и когнитивна адаптација на учениците во паралелката, на самиот старт на едукацијата, прво одделение, од која понатаму зависи остварувањето на успехот во понатамошното образование и животот воопшто.

- Опишан е процесот на поддршка кој можат да го понудат врсниците во подобрување на емоционалниот и социјалниот развој на одделните ученици на самиот старт во основното образование, во насока јакнење на групната кохезија, социјализацијата, интеракцијата и позитивната комуникација на повеќе релации во училишната средина, т.е. училницата, а со тоа и постигнување на повисок квалитет на едукативниот процес.

# МЕТОДОЛОГИЈА

**ПРЕДМЕТ** - Начини на однесување на ученици во прво одделение, „Марко“- отстапување од пропишани стандарди

**ЦЕЛ**

откривање на причините за појава на ваквото неприфатливо однесување и одредување на чекори за нивно надминување

**ХИПОТЕЗА**

Заедничката соработка и координирани активности на наставникот и врсниците ќе придонесат за подобрување на емоционалниот и социјалниот развој на ученикот.

**ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ**

изјавите на родителите, психологот во училиштето, учениците.

**ТЕХНИКИ**

**Набљудување**

**Анкетирање**

**Интервјуирање**

**Работа со документација**

**ПРИМЕРОК**

Намерен

одделенски наставник, родители, психолог, ученици од одделението

**ИНТЕРВЕНЦИИ**

родители, врсници

наставник

**ВРЕМЕНСКА РАМКА**

месец ноември 2022 до месец мај 2023 година

# Опис на проблемот

ТЕОРЕТСКИ СОЗНАНИЈАЗА  ЕМОЦИОНАЛНИОТ И СОЦИЈАЛНИОТ РАЗВОЈ НА ДЕЦАТА ОД ОСНОВНОШКОЛСКА ВОЗРАСТ, ЗА УЛОГАТА И ВЛИЈАНИЕТО КОЕ ГО ИМААТ ВРСНИЦИТЕ ВРЗ РАЗВОЈОТ НА ДЕЦАТА, УЛОГАТА НА РОДИТЕЛИТЕ, НАСТАВНИЦИТЕ  И СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ ВО РАЗВОЈОТ НА МЛАДИТЕ ЛИЧНОСТИ

СОЗНАНИЈА ОД НЕПОСРЕДНА ПРАКТИКА, МАРКО Е  УЧЕНИК КОЈ ПОКАЖУВА НОРМАЛЕН КОГНИТИВЕН РАЗВОЈ (НЕ ПОСТОЈАТ ОТСТАПУВАЊА, ПОДАТОЦИ ДОБИЕНИ ОД СТРУЧНАТА СЛУЖБА ПРИ ЗАПИШУВАЊЕ), НО НЕ И СОЦИО - ЕМОЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ, Т.Е. ПРИКАЖУВА ОДНЕСУВАЊЕ КОЕ НЕ СООДВЕТСТВУВА СО ОДНЕСУВАЊЕТО НА ОСТАНАТИТЕ УЧЕНИЦИ ВО ОДДЕЛЕНИЕТО (НЕПОСЛУШНОСТ, ОТПОР, НЕИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧИТЕ, ЗАКАЧКИ КОН ВРСНИЦИТЕ, НЕМАЊЕ НА ЕМПАТИЈА).

ПРЕДИЗВИК - ОСТВАРУВАЊЕ НА УСПЕШЕН ЕМОЦИОНАЛЕН И СОЦИЈАЛЕН РАЗВОЈ НА МАРКО ВО ТЕКОТ НА ПРВОТО ОДДЕЛЕНИЕ.

ПРЕМИСА УЧЕНИЦИТЕ ВО ПОЧЕТНИТЕ ОДДЕЛЕНИЈА МОЖАТ УСПЕШНО ДА СЕ ПРИЛАГОДАТ НА БАРАЊАТА И ДА ГО ПРОМЕНАТ НАЧИНОТ НА ОДНЕСУВАЊЕ КАКО ВО УЧИЛИШТЕТО, ТАКА И ВОН НЕГО. ГРУПАТА ВРСНИЦИ ИМА ГОЛЕМО ВЛИЈАНИЕ И УСПЕШНО МОЖЕ ДА МУ ПОМОГНЕ НА УЧЕНИКОТ ДА ГО ПОПРАВИ СОЕТО СОЦИЈАЛНО И ЕМОЦИОНАЛНО ОДНЕСУВАЊЕ, СО ШТО ТОЈ ЌЕ МОЖЕ ДА СЕ ВКЛУЧИ ВО ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС И ВО ДРУЖЕЊЕТО СО ГРУПАТА ВРСНИЦИ

# ЧЕКОРИ ВО ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

- **РАЗГОВОР СО РОДИТЕЛИ, ПРИЧИНИ, НАСОКИ, ЕКСППЛИКАЦИЈА**
- **ИНТЕРВЕНЦИЈА СО ВРСНИЦИ; ИГРАЊЕ НА УЛОГИ; РАЗБОТИЛНИЦИ-**
- **ПОДДРШКА ОД РОДИТЕЛИТЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО ПАРАЛЕЛКАТА**
- **ИНДИВИДУАЛНАТА ПОДДРШКА ОД ОДДЕЛЕНСКИОТ НАСТАВНИК**

# РЕЗУЛТАТИ

- Социо емоционалниот развој на учениците подразбира развиени вештини за разбирање на емоции, способност за ефективна комуникација со другите луѓе, развивање и одржување на здрави меѓучовечки односи, вештини за управување со стрес и со различните животни предизвици.

- Спроведеното истражување, т.е. постигнатите резултати, корекцијата во однесувањето на Марко, прифаќањето на општетсвено прифатливиот модел на однесување, говорат за улогата и влијанието на сите фактори, пред се врсниците, во подобрување на  социо - емоционалниот развој не само на Марко, но и на сите ученици.

- Резултатите од ова истражување се водилка и поттик за преземање на нови чекори кон јакнење и унапредување на социо - емоционалниот развој на учениците, т.е. водат кон јакнење на воспитната компонента во едукативниот процес.

# НАУЧЕНА ЛЕКЦИЈА

- Холистичкиот пристап во развојот на личноста во предвид ги има сите аспекти т.е. физичкиот, емоционалниот, социјалниот, когнтивниот и духовниот, во насока на нејзино градење како интегрирана и хармониски развиена личност.

- Социјалните знаења, умеења, вештини, не се учат од учебник, но се стекнуваат најчесто по пат на учење од модел, тоа е родителот, постарото братче, сестриче во семејството, за да покасно тоа постане групата врсници, наставникот, професорот...

- Во текот на животот постојано учиме. И во ова истражување учевме меѓусебно, учевме од децата, тие од нас, од родителите. Научивме дека групата врсници значајно влијае на единката, научивме за улогата и значењето на мотивацијата за развојот на самодовербата...

- Продолжуваме смело да чекориме кон нови предизвици, не заборавајќи да се навратиме кон поткрепување на она што сме го постигнале.

# ЗАКЛУЧОЦИ

РАБОТАТА НА НАСТАВНИКОТ НЕ СЕ СВЕДУВА САМО НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ОБРАЗОВНАТА КОМПОНЕНТА, НО НАСТАВНИКОТ ПОСЕБНО ВНИМАНИЕ, ОСОБЕНО НА ПОЧЕТОКОТ, ВО ПРВИОТ ЦИКЛУС ОД ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ, ТРЕБА ДА ПОСВЕТИ И ПОСВЕТУВА НА ВОСПИТНАТА КОМПОНЕНТА

ПЛАНИРАНИТЕ ЦЕЛИ НА СТАРТОТ СЕ ОСТВАРЕНИ НА ЗАЕДНИЧКО ЗАДОВОЛСТВО НА СИТЕ ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ, НО ПРОЦЕСОТ СЕ РАЗБИРА НЕ Е ЗАВРШЕН, ТОА Е ПРОЦЕС КОЈ ТРАЕ И ЌЕ ТРАЕ ВО ТЕКОТ НА ЦЕЛИОТ ЖИВОТ, Т.Е ДА СЕКОЈ УЧЕНИК, ИДЕН ГРАЃАНИН ВО ОПШТЕСТВОТО ПРОЈАВИ И ОСТВАРИ СОЦИО – ЕМОЦИОНАЛНО ОДНЕСУВАЊЕ КОЕ ЌЕ БИДЕ ОПШТО ПРИФАТЕНО НЕ САМО ВО ОДДЕЛЕНИЕТО, УЧИЛИШТЕТО, НО И ВО СЕКОЈ ОПШТЕСТВЕН сегмент.

ПОЛЗУВАЊЕ НА ДОБРИТЕ СТРАНИ НА МЕТОДОТ НА СЛУЧАЈ; НЕГОВА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА СЕКОГАШ КОГА СЕ БАРА РАСВЕТЛУВАЊЕ НА СИТЕ АСПКТИ НА ПРОУЧУВАНИОТ ФЕНОМЕН; ПСЕБНО КОГА СЕ ИМА ВОЛЈА; ЖЕЛБА ДА СЕ НАПРЕДИ СОПСТВЕНАТА НАСТАВНИЧКАТА В:О ПРАКТИКА

*„Образованието треба да се стреми кон тоа да ја доведе моралната, интелектуалната и физичката природа на учениците до совршенство за тие да можат да дадат најголем можен придонес за себе и за другите.“*

**Ема Харт Вилард**